Извадок

Согласно Политика за сигурност на информативен систем и член 36 од Изјавата за основање на Штедилница ФУЛМ (пречистен текст) бр. 02-266/2 од 04.11.2016 година, Единствениот содружник, по претходна подготовка од Управителот на Штедилница ФУЛМ на својата седница на ден 31.03.2020 година ги донесе следните:

**Правила**

за користење на услугите на електронско банкарство

**на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје**

**Член 1**

(1) Со Правилата за користење на услугите на електронско банкарство, се уредуваат основните и општите правила според кои комитентите кои користат услуги на Штедилницата, можат да ги користат услугите на електронско банкарство на истата и претставуваат составен дел од Договорот за користење на услугите на електронско банкарство на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје за сите корисници.

**Подрачје на примена**

**Член 2**

(1) Правилата за користење на услугите на електронско банкарство се применуваат на односите меѓу Штедилницата и Корисникот, кои се засноваат со потпишување на Договорот за користење на услугите на електронско банкарство и останатата документација.

(2) Правилата за користење на услугите на електронско банкарство се применуваат и на односите меѓу Штедилницата и Корисникот, засновани на начин утврден во член 5, став 4 од овие Правила.

**Дефиниција на поими**

**Член 3**

(1) Одделни поими употребени во Правилата за користење на услугите на електронско банкарство, Договорот и останатите документи, кои го регулираат работењето преку електронското банкарство, го имаат следното значење:
   1) **Штедилница** – Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје;
   2) **Корисник** – Физичко лице со кое Штедилницата има склучено договор за орочен членски депозит, на кое му се овозможува користење на услугите на електронско банкарство.
   3) **Договор** – Договор за користење на услугите на електронско банкарство склучен помеѓу Штедилницата и Корисникот, со кој се регулираат меѓусебните права, обврски и одговорности кои произлегуваат од користењето на услугите на електронско банкарство.
   4) **Барање** – Барање е образец кој се пополнува за користење на услугите на електронско банкарство на Штедилницата.

5) **Правила за користење на услугите на електронско банкарство** – Правила на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје за користење на услугите на електронско банкарство, кои низ Договорот за користење на услугите на електронско банкарство и останатите документи кои се негов составен дел може да се сретнат и под називот Општи услови за користење на услугите на електронско банкарство на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје.
6) **Услуги на Електронско и Мобилно банкарство** – Пристап до услугите на Штедилницата, надвор од нејзините простории, користејќи информатичка технологија, телекомуникации и посебни сигурносни механизми. Овие услуги опфаќаат:
   - увид во состојбата и промените на сите кредитни и депозитни партии отворени на име на Корисникот во Штедилницата;
   - увид во амортизациониот план и уплати на кредитните партии на Корисникот;
   - самостојно ресетирање на лозинката за најава од страна на Корисникот;
   - вршење на уплати од штеден влог на кредитни партии на Корисникот;
   - увид и печатење на потврди за состојба на кредитни партии на Корисникот;

   Дополнително Корисникот може да ги користи услугите за пристап до јавно достапни информации од информативен карактер како што се:

   - геолокациски услуги за наоѓање на најблиска организациона единица;
   - кредитен и штеден калкулатор;
   - информации и новитети за производи и услуги на Штедилницата;
7) **Софтверски решенија за пристап и користење на услугите на електронско банкарство** – Корисникот може да пристапи до услугите на електронско банкарство со користење на софтверски решенија кои му се доделени од страна на Штедилницата за користење под услови и обем кои се дадени во Договорот за користење на услугите на електронско банкарство на Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје, Правилата за користење на услугите на електронско банкарство и другите документи кои ја регулираат работата на електронското банкарство.
8) Пристапот до електронското банкарство може да се обавува преку веб-базирано решение и решенија кои се наменети за мобилни уреди, кои во понатамошниот текст се означуваат скратено како Веб-апликација и Мобилна апликација, соодветно.
9) **Web апликација** – Апликација базирана на повеќе интернет технологии и достапна за користење преку поддржани интернет прегледувачи, дефинирани во Правилата.
10) **Мобилен уред** – Претставува паметен телефон или таблет базиран на оперативните системи кои во моментот се поддржани од страна на Мобилната апликација и истите се дефинирани во техничките услови на Правилата.
11) **Android рутирање и iOS jailbreak-ирање на мобилен уред**
    - Андроид рутирање претставува процес со кој фабричкиот софтвер на мобилниот уред се заменува со софтвер изработен од трета страна, сè со цел на корисникот на мобилниот уред да му се овозможи стекнување на привилегиран т.н. рут пристап во рамките на оперативниот систем, со што се нарушуваат сигурносните механизми вградени во рамките на оперативниот систем или сигурносните механизми кои се овозможени од страна на производителот на мобилниот уред.
    - iOS џејлбрејкирање (jailbreak) претставува процес на отстранување на ограничувањата на iOS оперативниот систем на мобилниот уред со примена на

софтверски и/или хардверски методи со кои, меѓу другото, корисникот се стекнува со привилегиран т.н. рут пристап со што се нарушуваат сигурносните механизми вградени во рамките на оперативниот систем и самиот уред од страна на производителот.

12) **Продавница на мобилни апликации** – Претставува платформа за дигитална дистрибуција на софтвер изработена како компонента вградена во оперативниот систем од страна на производителот на мобилниот уред преку која корисникот може да прелистува, да инсталира и деинсталира апликации кои се претходно објавени преку продавницата. Проследувањето на нова апликација во продавницата на мобилни апликации мора да помине низ процес на проверка и одобрување од страна на сопственикот на продавницата.
13) **Листа на прифатливи продавници на мобилни апликации** – Штедилницата ги назначува следните продавници на мобилни апликации како места на кои ќе ги доставува верзиите на мобилната апликација:
    - Google Play Store – наменета за мобилни уреди базирани на Android оперативниот систем.
14) **Мобилна апликација** – Апликација базирана на листата на поддржани мобилни оперативни системи дефинирани во Правилата. Истата може да се преземе на мобилен уред од Листата на прифатливи продавници на мобилни апликации достапни на Интернет. Мобилната апликација на клиентите им овозможува сигурен, брз и едноставен 24-часовен пристап до услугите за мобилно банкарство на Штедилницата.
15) **Корисничко име** – Комбинација од знаци која Штедилницата ја доделува на Корисникот, која го идентификува на единствен начин во рамките на системот на електронско банкарство.
16) **Лозинка** – Тајна комбинација од знаци која се користи за потврдување на идентитетот на Корисникот. Првично ја доделува Штедилницата, Корисникот е должен да ја промени при првото најавување во системот.

**Примена на Правилата за користење на услугите на електронско банкарство**

**Член 4**

(1) Правилата се применуваат на односите помеѓу Штедилницата и Корисникот кои се засноваат со потпишување на Договорот и останатата документација. Правилата се применуваат и на односите меѓу Штедилницата и Корисникот, кои се засноваат на начин утврден во точка 5, став 4 од овие Правила.

**Услови за користење на услугите**

**Член 5**

(1) За користење на услугите на електронско банкарство, Корисникот треба да има склучен договор за орочен членски депозит со Штедилницата.

(2) Штедилницата го одобрува користењето на услугите на електронското банкарство врз основа на следните уредно пополнети и потпишани документи:

1) Барање за користење на услугите на електронско банкарство
2) Договор за користење на услугите на електронско банкарство

(3) Барањето преставува составен дел од Договорот.

(4) Како исклучок од став 2 од овој член, Штедилницата го одобрува користењето на услугите на електронското банкарство врз основа на пополнето барање и дадена соглсност со одредбите од Договорот и условите на Штедилницата преку официјалната веб-страница на Штедилницата.
(5) Штедилницата има право да го одбие барањето на Корисникот за користење на услугите на електронско банкарство, без да ги наведе причините за својата одлука.
(6) По обработка на документите и потпишувањето на Договорот, Штедилницата доделува корисничко име и тајна лозинка за пристап до услугите на електронско банкарство, освен во услови предвидени во став 4 од овој член, во кои Штедилницата доделува корисничко име и тајна лозинка за пристап до услугите на електронско банкарство врз основа на опишаните услови.
(7) Минимални технички услови за користење:
   1) Мобилна апликација: Android: KitKat 4.4
   2) Веб апликација: Последни верзии на пребарувачи коишто се надоградуваат автоматски самите. Ова ги вклучува: Chrome, Mozilla Firefox, Safari, Opera, Microsoft Edge on the desktop.
(8) Услугите на електронското банкарство на Корисникот ќе му бидат достапни 24 часа дневно, седум дена во неделата, освен во случај на прекин во системот за редовно одржување, надградба на системот или виша сила.

**Несовесно однесување и злоупотреба**

**Член 6**

(1) Корисникот е должен да се информира со содржината, правата и обврските кои произлегуваат од Правилата за користење на услугите на електронско банкарство, Договорот и сите останати документи кои ја регулираат работата на електронското банкарство.
(2) Ако Корисникот дознае или се посомнева дека неговата тајна лозинка му е позната на неовластено лице или пак може да биде злоупотребена на кој било начин, должно е веднаш да ја смени тајната лозинка.
(3) На барање на Корисникот, Штедилницата целосно ќе го деактивира пристапот до услугите на електронското банкарство. На барање на Корисникот, и по поднесување на писмена изјава од страна на Корисникот, корисничкото име повторно ќе биде активирано.
(4) Штедилницата може привремено или трајно да го отстрани секој Корисник:
   1) доколку одредени активности на Корисникот предизвикаат оптоварување на системот и оневозможуваат негово непречено функционирање;
   2) доколку корисникот ги прекрши прописите на Правилата за користење на услугите на електронско банкарство;
   3) доколку корисникот предизвикува сериозни проблеми во работењето на електронското банкарство и со тоа претставува сериозен ризик за системот.
(5) Во случај на губење или кражба на мобилниот уред со претходно инсталирана и активирана мобилна апликација или какво било сомневање дека мобилниот уред е сигурносно компромитиран, Корисникот е должен во најкраток можен рок, истиот веднаш да го оневозможи преку веб апликацијата.

(6) Доколку Корисникот не е во можност деактивирањето да го изврши со помош на веб апликацијата, истото е должно настанот да го пријави во Штедилницата. Штедилницата во најкраток можен рок ќе изврши деактивација.

(7) Штедилницата не презема никаква одговорност за евентуалната штета која може да настане како последица од:

1) губење или кражба на мобилниот уред регистриран за вршење на трансакции и негово ненавремено оневозможување на еден од претходно опишаните начини;
2) користење на мобилната апликација на рутиран или џејлбрејкиран мобилен уред или мобилен уред на кој на каков било начин е сменета содржината на фабричкиот софтвер со софтвер од трета страна различна од производителот на оперативниот систем или производителот на уредот;
3) попречување на техниките и применетите технологии на Штедилницата од страна на Корисникот, или друг вид на извор на попречување (злонамерен софтвер и сл.) за детекција на рутиран или џејлбрејкиран мобилен уред. Истите Штедилницата ги вградила во рамките на мобилната апликација сè со цел Корисникот да биде информиран и заштитен од можните ризици при евентуално користење на мобилната апликација на ваков вид уреди;
4) користење на мобилната апликација на уред на кој сигурносните подесувања се поставени на начин на кој се намалува севкупната сигурност на мобилниот уред (пример: овозможување на инсталација на софтвер од други извори кои не се на листата на продавници на мобилни апликации прифатливи за Штедилницата; овозможување на опции за развој односно отстранување на грешки на софтвер);
5) користење на мобилната апликација или други апликации преземени и инсталирани од трети извори кои не се на Листата на продавници на мобилни апликации определени во Правилата за користење на услугите на електронско банкарство.
6) непридржување на сигурносните препораки.

(8) Договорот ќе биде раскинат без согласност на договорните страни во случаите кога:

1) ќе се раскине Договорот за орочен членски депозит;
2) ќе се јават промени кај Корисникот кои условуваат укинување на сметката на Корисникот;
3) не се почитуваат условите од Договорот за користење на услугите за електронско банкарство, Договорот за орочен членски депозит и упатствата кои ги пропишува Штедилницата.

**Рекламации**

**Член 7**

(1) Корисникот е должен да врши редовен увид во промените на сметките, да ги следи и контролира трансакциите веднаш по нивното извршување и сите рекламации да ги пријави во Штедилницата веднаш без никакво одлагање. Времетраењето на разрешување на рекламацијата е во зависност од видот и причините на настанување.

(2) При разгледувањето на рекламациите Корисникот е должен да соработува и да ги достави сите барани податоци во врска со работењето во системот за електронско банкарство.

**Наплата на надомест за користење на услугите**

Извадок

**Член 8**

(1) За користење на услугите на електронско банкарство Штедилницата не наплатува дополнителни надоместоци и провизии.

**Измени и дополнувања**

**Член 9**

(1) Штедилницата го задржува правото да врши промена во обемот и содржината на услугите на електронско банкарство, сигурносните механизми, Правилата за користење на услугите на електронско банкарство и останатите документи кои го регулираат работењето на електронското банкарство.
(2) За сите наведени промени Штедилницата го известува Корисникот преку најмалку еден од следните начини: преку истакнување на промените на веб-страницата на Штедилницата, преку известување на email адреса, преку известување со СМС порака/и, преку истакнување на промените на јавно место во филијалите на Штедилницата и преку класична пошта.
(3) Доколку од страната на Корисникот има промена во некои од податоците наведени во Барањето, должен е во рок од 3 (три) дена од извршената промена да ја извести Штедилницата по пошта со препорачана пратка или лично со писмено известување, а во спротивно ќе се смета дека доставите се успешно извршени.
(4) Со овозможувањето на 24-часовен пристап до услугите на електронско банкарство од страна на Штедилницата, Корисникот се смета за уредно и навремено известен за сите промени, како на неговата сметка, така и за промените во работењето на Штедилницата. Динамиката на следење на објавените информации, увидот во состојбата, промените и изводот на сметката се во целосна надлежност на Корисникот.
(5) Доколку Корисникот не се согласува со одредени промени во услугите на електронското банкарство може да поднесе барање за раскинување на Договорот во рок од 15 дена од денот на објавување на информацијата, во спротивно се смета дека е согласен со предложените промени и истите во потполност ги прифаќа.

**Останати одредби**

**Член 10**

(1) Правилата за користење на услугите на електронско банкарство се составен дел од Договорот за користење на услугите на електронско банкарство.
(2) Со потпишување на Барањето и Договорот за користење на услугите на електронско банкарство, клиентот потврдува дека е запознаен со Правилата за користење на услугите на електронско банкарство.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 11**

(1) Овие правила влегуваат во сила со денот на усвојување од страна на Единствениот содружник на Штедилницата ФУЛМ, Скопје.
(2) Единствениот содружник на штедилницата е одговорен за донесување и изменување на Правилата за користење на услугите на електронско банкарство на предлог од Управителот

на штедилницата. Овие Правила треба да се прегледуваат и ревидираат со цел да одговараат на моменталните состојби во штедилницата и актуелните законски одредби.

(3) Со донесување на овие Правила престануваат да важат Правилата за користење на услугите на електронско банкарство со број 02-1/92 од 28.11.2019 година.

Претседавач на седница на Единствениот содружник

Зулфи Џафери

Овластено лице

на Единствениот содружник на Штедилница ФУЛМ

Стево Андровиќ